Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање по е-пошта од 21.02.2024 година од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Герман Филков, бул. „Кочо Рацин" бр. 26-1/2 од Скопје, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikes së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 02-3132

29.04 2024 год.-viti

СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ПРИФАЌА** барањето од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Герман Филков, бул. „Кочо Рацин" бр. 26-1/2 од Скопје за пристап до информации од јавен карактер.
Му се овозможува на барателот Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Герман Филков, бул. „Кочо Рацин" бр. 26-1/2 од Скопје да се запознае со содржината на бараната информација со препис во истата.

**Образложение**

Барателот на информацијата - Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Герман Филков од Скопје на ден 21.02.2024 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање за за следното:

- Име и презиме/назив на адвокати и адвокатски друштва чии услуги сте ги користеле во текот на 2023 година;
- За секој поединечен адвокат/адвокатско друштво доставете ни ги износите на извршените исплати и основата за секоја исплата во текот на 2023 година
- Како е избран секој од адвокатите/адвокатските друштва чии услуги сте ги користеле?

Информацијата ја бараат во форма на електронски запис по е-маил.
Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањата одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРИЛОГ:** Одговори на бараните прашања

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Zuhdi Enuz**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но
- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива

**ПРИЛОГ 1**

Одговори на бараните прашања:

Одговор на првото прашање: *Име и презиме/назив на адвокати и адвокатски друштва чии услуги сте ги користеле во текот на 2023 година.*

1. Адвокат Мери Младеновска Ѓорѓиевска, број на Договор 03-7218, со важност до 29.12.2023 година;
2. Адвокат Влатко Ристовски, број на Договор 03-7221, со важност до 29.12.2023 година;
3. Адвокат Влатко Михаилов, број на Договор 03-7219, со важност до 29.12.2023 година;
4. Адвокат Мефаиљ Арслани, број на Договор 03-2863, со важност до 08.05.2024 година

Одговор на второто прашање: *За секој поединечен адвокат/адвокатско друштво доставете ни ги износите на извршените исплати и основата за секоја исплата во текот на 2023 година.*

1. Адвокат Мери Младеновска Ѓорѓиевска
   a. вкупно исплатено - 511.197 денари
   b. основ: фактури по основ на извршено дејствие согласно АТ и Договор
2. Адвокат Влатко Ристовски
   a. вкупно исплатено - 1.462.824 денари;
   b. основ: фактури по основ на извршено дејствие согласно АТ и Договор
3. Адвокат Влатко Михаилов
   a. вкупно исплатено - 816.264 денари;
   b. основ: фактури по основ на извршено дејствие согласно АТ и Договор
4. Адвокат Мефаиљ Арслани
   a. вкупно исплатено - 29.138 денари;
   b. основ: фактури по основ на извршено дејствие согласно АТ и Договор
5. Адвокатско друштво Бранко Кузмановски
   a. вкупно исплатено - 120.000 денари;
   b. основ: мала набавка за консултантски услуги
6. Адвокат Елена Младеновска
   a. вкупно исплатено - 95.580 денари;
   b. основ: мала набавка за консултантски услуги

Одговор на третото прашање:*Како е избран секој од адвокатите/адвокатските друштва чии услуги сте ги користеле?*

Согласно Законот за јавни набавки овој закон не се применува на: услуги за правно застапување странки од страна на адвокати во: постапка на арбитража или помирување во Република Македонија, во друга држава или пред меѓународна истанца за арбитража или помирување или постапка пред судовите во Република Македонија, судовите, трибуналите или субјектите во доменот на јавното право во друга држава или пред меѓународните судови, трибунали или институции како и услуги за правно советување што ги даваат адвокатите при подготовка за која било постапка од оваа одредба.

Согласно наведеното, Адвокатите и Адвокатските друштва се ангажираат правно да го застапуваат АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје во постапките пред судовите во Република Северна Македонија од

областа на трговско-стопански спорови; парнични спорови; работни спорови; кривични постапки; вонпроцесни постапки и стечајни постапки, кои се дел од делокругот на работење на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје и правно да го советуваат при подготовка за било која постапка пред судовите во Република Северна Македонија во споровите и постапките кои ги водат.

Исплата на Адвокатите се врши по преземено дејство согласно Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

По однос на точка 5 и точка 6 од одговорот на второто прашање појаснуваме дека овие услуги не се обезбедуваат преку адвокатите со кои АД МЕПСО има склучено Договор бидејќи консултантските услуги (правните мислења) не се исклучени од Законот за јавни набавки и истите се реализираат согласно Законот за јавни набавки преку мала набавка.